Бр./Nr 12-441/2
03-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38- седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-441/1 од 20.01.2026 година со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба од службени лица во Општина ------------ и непочитување на одлука на Уставен суд во постапка за легализација на дивоградба на правниот субјект ------------------- ДОО Скопје, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што по истите пријавени наводи ДКСК има постапено и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-441/1 од 20.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-441/1 од 20.01.2026 година е оформен врз основа на пријава од страна на непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената должност од страна на службени лица, вработени во Секторот за урбанизам при Општина ---------------, во постапка за легализација на дивоградба, која се наоѓа на ул.-- -------------- бр.---, на КП број -------/1, -------/1 и ------/3 КО ---------, поведена по барање на правниот субјект „---------------------" ДОО Скопје.

Подносителот во пријавата наведува дека пријавените лица издале Извод од урбанистичкиот план, кој важел пред да се донесе новиот урбанистички план од страна на Општина --------------, а кој бил укинат со Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија. Воедно, подносителот бара информација за рушење на дивоградби на

територијата на општината, изградени на КП --------, КП --------, КП ---------, КП --------, КП ------- и -------, како и за КП -------/1, КП -------, КП -------/1 и --------/3 и КП --------, сите во КО ---------, а за кои веќе биле поднесени пријави до надлежни органи.

По извршени проверки во интерната евиденција, ДКСК констатира дека веќе постапила по предмет број 12- ------/1 од 19.003.2025 година оформен по истите пријавени наводи и на својата 24-та седница одржана на 03.11.2025 година донела одлука со која постапката по предметната пријава се запира поради немање елементи за натамошно постапување.
Исто така во ДКСК во тек е и постапка по предмет број 12- ------/1 од 01.07.2005 година оформен по истите пријавени наводи а по кој постапувањето е во тек.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по пријавените наводи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК